ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# СООПШТЕНИЕ

Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Националниот сојуз на телесно инвалидизирани лица на Македонија, Националниот сојуз на слепите и Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Македонија, потпишаа Меморандум за соработка.
Меморандумот за соработка е потпишан со цел за унапредување и продлабочување на соработката во:

- Меѓусебна размена на искуства и информации, непосредно, електронски и преку печатени матерјали.
- Учество на трибини, работилници и слични манифестации организирани од двете страни.
- Давање на меѓусебна стручна и техничка помош.
- Подготвување на прописи кои се однесуваат на правата на лицата со телесен инвалидитет, слепите лица и глувите и наглуви лица.

Фзом се надева дека со оваа соработка ќе се унапредат правата на засегнатите лица како и ќе се унапреди правилникот за издавање на помагала за овие лица.
Како една од најбитните точки за заедничката соработка ќе биде измената и дополната на правилникот за издавање на помагала со што би се вовело ред во издавањето на помагалата и лицата кои имаат вистинска потреба да ги добиваат.
Потпишувањето на Меморандумот од двете страни е во прав момент, бидејќи ФЗОМ и СОЈУЗИТЕ заеднички констатираа големи злоупотреби во начинот на остварување на правата посебно во делот за помагала на телесно инвалидизирани лица.



Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



Лево кон десно: Претседател на сојуз на телесно инвалидизирани лица- Миодраг Игњатовиќ, Директор на ФЗОМ- М-р Маја Парнарџиева-Змејкова, Директор на сектор контрола Фзом- М-р Виолета Петровска, Претседател на сојуз на глуви и наглуви лица- Никола Огненов, Претседател на сојуз на слепи лица- Жарко Селковски.